Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ
Бр. 09-3139/1
05-11-2025 20 год.
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-11648/1
Датум: 04-11-2025

# ДОГОВОР
## за јавна набавка на стоки – електрична енергија

Склучен помеѓу:

1.МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на ул.„Даме Груев”, бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии во натамошниот текст: договорен орган и

2.ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул.„11-ти Октомври“ бр.9 во Скопје, претставувано од Павле Мацовски, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на стоки – електрична енергија за потребите на Министерството за финансии по спроведената отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка по оглас бр.14102/2025 согласно со техничката спецификација која е составен дел на овој договор (Прилог 1).

### Член 2

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски на договорните страни во согласност со важечките закони, прописи и стандарди кои се однесуваат и и се поврзани со предметот на набавката.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Единечна цена за испорачана и потрошена 1 Kwh активна електрична енергија со вклучени трошоци за потрошена електрична енергија (струја), трошоци за

планирање и номинирање на потрошувачката, обезбедување на прекугранични капацитети, трошоци за балансирање на потрошувачката (балансна одговорност) и попусти и увозни царини ќе се пресметува со примена на следната формула:

$C_m = C_{m,MEMO}/1000$ + маржа во %

каде што:

$C_m$ – цена по која Економскиот оператор го снабдува Договорниот орган во месецот (m), ден/KWh

$C_{m,MEMO}$ - просечна цена за електрична енергија на пазарот на берзата МЕМО за месецот за кој се однесува пресметката, ден/MWh

Вкупен износ на потрошена ЕЕ = $C_m$ * количина на потрошена ЕЕ

При конверзија на цената на МЕМО (https://www.memo.mk/) берзата од евра во денари ќе се користи среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на последниот ден од месецот за кој се фактурира.

Цената ги вклучува сите трошоци за испорака на електричната енергија до местото на испорака и тоа: трошоци за потрошена електрична енергија (струја), трошоци за планирање и номинирање на потрошувачката, обезбедување на прекугранични капацитети како и трошоци за балансирање на потрошувачката (балансна одговорност).

Трошоци за балансирање на потрошувачката на договорниот орган целосно ќе бидат покриени од страна на носителот на набавката и договорниот орган нема да сноси никакви дополнителни трошоци за балансирањето на својата потрошувачка.

Цената на електричната енергија ќе биде променлива (+ или - ) во зависност од референтната берза МЕМО.

Процентот на маржата ќе биде фиксен за целото времетраење на договорот и истиот изнесува 6.19 % за 1 KWh.

Член 4

Цената ги вклучува сите трошоци за испорака на електричната енергија до местото на испорака:

- трошоци за набавка на електрична енергија,
- трошоци за планирање и номинирање на потрошувачката,
- трошоци за обезбедување на прекугранични капацитети (за да енергијата биде испорачана во ЕЕС на РСМ),
- увозни царински давачки и

- трошоци за балансирањето на потрошувачката (балансна одговорност).

Вкупната максимална вредност на договорот за набавка на електрична енергија изнесува 20.000.000,00 денари без пресметан ДДВ.

Данокот на додадена вредност изнесува 3.600.000,00 денари.

Вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност изнесува 23.600.000,00 денари.

Договорниот орган нема обврска вкупната максимална вредност на овој договор во целост да ја исполни и реализира, туку ќе се плати онолку колку реално ќе се потроши.

## III. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 5

Договорот е со важност за период од 12 (дванаесет) месеци, сметано од првиот ден на испораката на електрична енергија и тоа од 01.12.2025 година.

За почетокот на испорака на електричната енергија, се смета првиот ден во месецот од 00:00 часот и ќе трае 12 месеци или до негово вредносно исполнување, во зависност од тоа што попрво ќе настане.

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

### Член 6

Правата и обврските на договорните страни кои произлегуваат од овој договор стапуваат во сила сметано од денот на почетокот на испораката.

Носителот на набавката се обврзува стоката предмет на овој договор да ја испорача во се согласно условите и барањата од овој договор и од техничката спецификација (Прилог 1) навремено и квалитетно, како и целосно да го реализира овој договор.

Носителот на набавката е должен при извршувањето на обврската да постапува со внимание на добар стопанственик и со внимание на добар стручњак.

Двете страни се должни да ги извршуваат своите обврски и се одговорни за нивното исполнување.

Двете страни се должни да се воздржуваат од постапките со кои можат на другата страна да и предизвикаат штета.

Носителот на набавката е должен непречено да дозволи отварање на нови приклучни мерни места и/или укинување на постоечки, за што ќе биде благовремено известен од страна на договорниот орган.

Договорниот орган го задржува правото да врши зголемување или намалување на бројот на мерни места, според потребите.

Носителот на набавката може да ја ограничи испораката поради вршење на планирани прегледи, испитувања, контролни мерења, одржување, реконструкции, проширување на мрежата, уредите и инсталациите, како и во случај на потреба од спречување на ризик од нарушување во електроенергетскиот систем, од страна на Операторот на електродистрибутивниот систем. За сите планирани прекини носителот на набавката ќе го информира договорниот орган најмалку 24 (дваесет и четири) часа однапред, во спротивно ќе треба да ја надомести настанатата штета.

Мерењето на испорачаната електрична енергија го врши Операторот на дистрибутивниот систем.

Мерните места наведени во техничката спецификација (Прилог 1) во текот на важноста на договорот можат да се променат, а носителот на набавката е должен да испорача електрична енергија до сите мерни места вклучувајќи и нови кои ќе бидат пријавени од страна на договорниот орган.

## V.ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 7

Носителот на набавката - снабдувачот се обврзува дека:

- ќе врши снабдување на договорниот орган - потрошувачот со договорената количина на електрична енергија до местата на испорака на електрична енергија кои ќе добијат ID-број за виртуелна мерна точка од операторот на соодветниот систем;
- да ги утврди потребите на договорниот орган - потрошувачот за електрична енергија за договорниот период врз основа на анализата на историската потрошувачка на електрична енергија на договорниот орган - потрошувачот, а која количина ќе биде предмет на овој договор. Договорните количини се од индикативна природа и не претставуваат репер за задолжително потрошена количина на електрична енергија во договорниот период од страна на договорниот орган - потрошувачот;
- ја превзема одговорноста за балансирање на потрошувачката на електричната енергија на местата на испорака наведени во техничката спецификација (Прилог 1) која е составен дел од овој договор;
- ја превзема обврската за предвидување и планирање на потрошувачка на електричната енергија на договорниот орган - потрошувачот, а во однос на неговите потребите за договорениот период;
- ја превзема обврската за порамнување на отчитаните и реално потрошени

количини на електрична енергија за дадениот период на отчитување на местата на испорака на потрошувачот, а кои се основа за изработка на месечна фактура;
- ќе изготвува месечна фактура на договорниот орган за испорачаната и реално потрошена електрична енергија согласно договорените одредби за пресметка на цената по MWh, врз основа на податоците добиени од соодветниот оператор на систем;
- ќе му доставува месечна фактура на договорниот орган за искористената електрична енергија согласно договорените одредби за пресметка на цената за MWh;
- сите доверливи информации добиени за потребите на реализирањето на овој договор ќе ги чува како деловна тајна и
- своите обврски ќе ги врши стручно и совесно, а со цел да обезбеди квалитетна услуга за договорниот орган.

## VI.ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 8

Договорниот орган - потрошувачот се обврзува дека:
- ќе купува електрична енергија исклучиво од носителот на набавката - снабдувачот за времетраењето на овој договор;
- ќе ја плаќа договорната цена за електрична енергија согласно отчитаните реални количини на електрична енергија за дадениот период според порамнувањето согласно Правилата за пазар со електрична енергија во местата на испорака, а под условите предвидени во овој договор, независно дали таа енергија е потрошена за целите на потрошувачот, или од трети лица, кои се поврзани на внатрешната мрежа на потрошувачот после местата на испорака, се тоа согласно издадената фактура од страна на носителот на набавката - снабдувачот;
- ќе ја спроведе постапката за дефинирање на виртуелни мерни точки пред операторот на соодветниот системот за добивање на соодветен ID-број за сите мерни точки во кои ќе се врши испорака на електрична енергија;
- ќе му ги доставува на носителот на набавката - снабдувачот сите потребни податоци од мерните апарати поврзани на внатрешната мрежа на потрошувачот, а со цел носителот на набавката - снабдувачот да има можност да изготвува веродостојни анализи и предвидувања за потрошувачка на електрична енергија на потрошувачот за договорениот период;
- во најкус можен рок во рамките на денот да го известува носителот на набавката - снабдувачот за било какви промени или проблеми во процесот на користење на електрична енергија, за работи од кои зависи услугата која ја обезбедува

носителот на набавката - снабдувачот, а истите се од взаемен интерес за договорните страни и
- сите доверливи информации добиени за потребите на реализирањето на овој договор ќе ги чува како деловна тајна.

## VII. НАЧИН, РОК И МЕСТО НА ИСПОРАКА

Член 9

Носителот на набавката електричната енергија предмет на овој договор ќе му ја испорачува на договорниот орган сукцесивно, на дневна основа, во целиот период на времетраење на овој договор, на начин и под услови како што е дефинирано во техничките спецификации (непрекинато 24 часа во денот за целото времетраење на договорот) до сите мерни места на договорниот орган наведени во техничките спецификации (Прилог 1) кон договорот.

Носителот на набавката ќе му ја испорачува потребната количина на електрична енергија на договорниот орган во електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија, согласно потребите на договорниот орган од овој вид на стоки и согласно подзаконските акти и одредби донесени од страна на РКЕВУ (Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги) на Република Северна Македонија.

Носителот на набавката ги прифаќа отстапувањата на договорниот орган од прогнозираните количини на електрична енергија, како на месечно, така и на годишно ниво.

Носителот на набавката ќе му овозможи на договорниот орган непречено отварање на нови приклучни места или укинување на постоечките приклучни места.

Мерењето на испорачаната електрична енергија го врши операторот на дистрибутивниот систем.

Испораката на електрична енергија ќе биде во следниот период:

Испораката ќе започне најдоцна 3 (три) недели по прием на писмено известување од договорниот орган до носителот на набавката (по пошта или по електронски пат). За почетокот на испорака на електричната енергија, се смета првиот ден во месецот од 00:00 часот и ќе трае 12 месеци.

За испорачаната месечна количина на електрична енергија носителот на набавката ќе му доставува на договорниот орган потпишан Извештај за испорачана месечна количина на електрична енергија со прилог Детален дијаграм, кој Извештај ќе биде и придружен дел на месечните фактури на носителот на набавката.

За сите планирани прекини носителот на набавката е должен да го информира договорниот орган најкасно 24 часа пред прекинот, за периодот од понеделник до

петок. Доколку прекинот е планиран да се реализира во сабота, недела или утринските часови од понеделник, информацијата за прекинот на испорачувањето на електрична енергија се доставува најдоцна до 14 часот во петокот пред викенд деновите, во спротивно ќе треба да ја надомести настанатата штета.

Носителот на набавка е должен да го информира договорниот орган за промена на динамиката на потрошувачка на електрична енергија во услови на несакани хаварии и дефекти, планирани ремонти и планирани редукции во потрошувачката поради колективни годишни одмори и празници.

## VIII. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 10

Договорниот орган го врши плаќањето вирмански, по истекот на секој месец, за преземена количина на електрична енергија во претходен месец, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата во архивата на договорниот орган придружена со потпишан Извештај за испорачана месечна количина на електрична енергија и Детален дијаграм.

Задолжително во прилог на месечната фактура за потрошена електрична енергија да биде доставен:

- Доказ за просечната месечна цена.
- Објаснување за начинот на добивање на вкупната месечна цена без ДДВ.
- Единечна цена за испорачана и потрошена 1 Kwh активна електрична енергија со вклучени трошоци за потрошена електрична енергија (струја), трошоци за планирање и номинирање на потрошувачката, обезбедување на прекугранични капацитети, трошоци за балансирање на потрошувачката (балансна одговорност) и попусти и увозни царини ќе се пресметува со примена на следната формула:

$C_m = C_{m,MEMO}/1000$ + маржа во %

каде што:

$C_m$ – цена по која Економскиот оператор го снабдува Договорниот орган во месецот (m), ден/KWh

$C_{m,MEMO}$ - просечна цена за електрична енергија на пазарот на берзата МЕМО за месецот за кој се однесува пресметката, ден/MWh

Вкупен износ на потрошена ЕЕ = $c_m$ * количина на потрошена ЕЕ

При конверзија на цената на МЕМО (https://www.memo.mk/) берзата од евра во денари ќе се користи среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на последниот ден од месецот за кој се фактурира.

Цената ги вклучува сите трошоци за испорака на електричната енергија до местото на испорака и тоа: трошоци за потрошена електрична енергија (струја), трошоци за планирање и номинирање на потрошувачката, обезбедување на прекугранични капацитети како и трошоци за баласирање на потрошувачката (балансна одговорност).

Трошоци за балансирање на потрошувачката на договорниот орган целосно ќе бидат покриени од страна на носителот на набавка и договорниот орган нема да сноси никакви дополнителни трошоци за балансирањето на својата потрошувачка.

За испорачаната месечна количина на електрична енергија носителот на набавката ќе му доставува на договорниот орган потпишан извештај за испорачана месечна количина на електрична енергија со прилог Детален дијаграм, кој извештај ќе биде и придружен дел на месечните фактури на носителот на набавката.

Надоместокот за обновлива енергија и надоместокот за користење на пазарот на ЕЕ (надоместок за организирање на пазарот на ЕЕ) ги утврдува Регулаторна комисија за енергетика на Република Северна Македонија и ќе се наплаќаат заедно со сметката (фактурата) за потрошената електрична енергија.

## IX. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 11

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишување на договорот, да му достави на договорниот орган банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од вкупната максимална вредност на договорот со ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува по пошта на адресата на договорниот орган или лично на лицето определено во тендерската докуметација.

Со оваа гаранција носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката. Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на носителот на набавката или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 12

Овој договор може да се раскине спогодбено, во согласност на договорните страни.

Член 13

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатата на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 14

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 15

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

XI. ВИША СИЛА

Член 16

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 17

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорни страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 18

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 19

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 20

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор да биде во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 21

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
СКОПЈЕ

Министер за финансии
м-р Гордана Димитриеска-Кочоска

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА:

ЕСМ ПРОДАЖБА
ДООЕЛ Скопје

Управител
Павле Маџовски

Изработил: Мариа Анѓелеска
Контролирал: Рената Николоска
Даниела Јанкова
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Ирена Петковски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска

Прилог 1 - Технички спецификации

Економскиот оператор во Образецот на понуда, во **делот Финансиска понуда** ја внесува понудената **маржа изразена во проценти** која ќе се користи како показател за пресметка на цената на потрошена електрична енергија за секој изминат месец.

Најповолниот понудувач ќе се избира врз основа на понудена најниска висина на маржата, над просечна месечна цена определена на берзата МЕМО, која МЕМО ја објавува на својата ВЕБ страна на месечно ниво, а се однесува на месецот на испорака.

Линк од МЕМО: https://www.memo.mk/

Изборот на економски најисплатлив добавувач на електричната енергија ќе се изврши врз основ на **најниска понудена маржа**. Понудената маржа ќе се однесува на просечна месечна цена определена на берзата МЕМО, која МЕМО ја објавува на својата ВЕБ страна на месечно ниво, а ќе се однесува на претходниот месец.

Вредноста на Договорот вклучува и трошоци над постигнатата цена од конечната понуда, поради покривање на трошоците за Обновлива Енергија и Надомест за користење на пазарот на електрична енергија, кои се составен дел на фактурите на добавувачот и паѓаат на товар на набавувачот.

Добавувачот во понудата (вклучено во процентуалниот дел на маржата) е должен да ги земе во предвид и сите трошоци за испорака на електричната енергија до местото на испорака и тоа: трошоци за потрошена електрична енергија (струја), трошоци за планирање и номинирање на потрошувачката, обезбедување на прекугранични капацитети како и трошоци за царина и за увоз и балансирање на потрошувачката (балансна одговорност).

Економскиот оператор понудената маржа изразена во проценти задолжително ја внесува и во ЕСЈН преку веб образецот „Поднеси понуда/пријава за учество", панел „Податоци од понудата", во полето за внесување на цената, при што истата треба да биде искажана со две децимални места. Маржата изразена во проценти се пишува со бројки и букви.

Единечна цена за испорачана и потрошена 1 Kwh активна електрична енергија со вклучени трошоци за потрошена електрична енергија (струја), трошоци за планирање и номинирање на потрошувачката, обезбедување на прекугранични капацитети, трошоци за балансирање на потрошувачката (балансна одговорност) и попусти и увозни царини ќе се пресметува со примена на следната формула:

$C_m = C_{m,МЕМО}/1000$ + маржа во %

каде што:

$C_m$ – цена по која Економскиот оператор го снабдува Договорниот орган во месецот (m), ден/KWh

$C_{m,МЕМО}$ - просечна цена за електрична енергија на пазарот на берзата МЕМО за месецот за кој се однесува пресметката, ден/MWh[1]

Вкупен износ на потрошена ЕЕ = $C_m$ * количина на потрошена ЕЕ

При конверзија на цената на МЕМО (https://www.memo.mk/) берзата од евра во денари ќе се користи среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија на последниот ден од месецот за кој се фактурира.

Цената ги вклучува сите трошоци за испорака на електричната енергија до местото на испорака и тоа: трошоци за потрошена електрична енергија (струја), трошоци за планирање и номинирање на потрошувачката, обезбедување на прекугранични капацитети како и трошоци за балансирање на потрошувачката (балансна одговорност).

Трошоци за балансирање на потрошувачката на договорниот орган целосно ќе бидат покриени од страна на носителот на набавката и договорниот орган нема да сноси никакви дополнителни трошоци за балансирањето на својата потрошувачка.

Местата на испорака на електричната енергија се дадени во техничката спецификација.

Бројот на мерни места наведени во спецификацијата во текот на важноста на договорот може да се промени, а снабдувачот на електрична енергија е должен да испорача електрична енергија до сите мерни места вклучувајќи и нови кои ќе бидат пријавени од страна на договорниот орган[2].

---

[1] Просечната цена на електрична енергија од страна на МЕМО се објавува по количина MWh. Наведената формула е креирана на начин кој обезбедува добивање на вредност во KWh. Со примена на формулата се добива цена по KWh.

[2] Овој дел договорните органи го прилагодуваат во зависност од нивните потреби и бројот на мерни места

Проценка е дека потребната електрична енергија за временски период од 12 месеца ќе изнесува вкупно 1,800,000.00 KWh.

Економскиот оператор треба да ја превземе балансната одговорност и балансирањето на договорниот орган и истото треба да биде предвидено и вклучено во понудата на економскиот оператор.

Сите работи и односи во врска со електричната енергија се регулирани и треба да бидат во согласност со одредбите и препораките на важечките закони, прописи и стандарди кои се однесуваат и се поврзани со предметот на набавката, и тоа:

- Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22);
- Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 191/19 и 101/22);
- Мрежните правила за пренос на електрична енергија издадени од операторот МЕПСО („Службен весник на Република Северна Македноија“ бр. 4/22);
- Правилата за снабдување со електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/18 и „Службен весник на Република Северна Македноија“ бр. 138/19 и 159/22);
- Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ 234/22) и
- Законот за метрологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/02, 84/07, 120/09, 136/11, 6/12, 164/13, 41/14, 192/15, 53/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21).
- **Напомена:**
- **Економскиот оператор во Образецот на понудата ја внесува цената на маржата изразена во процент.**
- **Маржата (изразена во %) треба да биде изразена со две децимални места.**

**Табела 1 Преглед на потрошувачки места на струја за потребите на Министерството за финансии е** **<u>даден како прилог кон тендерската документација</u>**

Носителот на набавката се обврзува на Договорниот орган секој ден да му испорачува електрична енергија во електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија, согласно подзаконските акти и одредби донесени од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија. Економскиот оператор е должен да овозможи непречено отварање на нови приклучни места или укинување на постоечките приклучни места.

Договорот за јавна набавка да се склучи на планираната вредност на набавката, а плаќањето да се извршува според степен на стварна месечна реализација.

| Име на клиент | Мерно место | Општина | Место |
|---|---|---|---|
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ ПЕ КИЧЕВО | 000000269182 | КИЧЕВО | КИЧЕВО |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ МАРШАЛ ТИТО | 3501210010005 | КРАТОВО | КРАТОВО |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ П.Е.ВАЛАНДОВО | 2805420010002 | ДОЈРАН | СТАР ДОЈРАН |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ П.Е.ВАЛАНДОВО | 2805420030002 | ДОЈРАН | СТАР ДОЈРАН |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ П.Е.ВАЛАНДОВО | 2805420020002 | ДОЈРАН | СТАР ДОЈРАН |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ П.Е.ВАЛАНДОВО | 2805420040002 | ДОЈРАН | СТАР ДОЈРАН |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СТРУГА | 2201560010003 | СТРУГА | СТРУГА |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 000000082420 | ЦЕНТАР | СКОПЈЕ-ЦЕНТАР |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 000000082444 | ЦЕНТАР | СКОПЈЕ-ЦЕНТАР |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 000000064315 | ЦЕНТАР | СКОПЈЕ-ЦЕНТАР |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 000000082346 | ЦЕНТАР | СКОПЈЕ-ЦЕНТАР |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 104103810001 | ЦЕНТАР | СКОПЈЕ-ЦЕНТАР |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 000000082411 | ЦЕНТАР | СКОПЈЕ-ЦЕНТАР |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ П.Е. РАДОВИШ | 2923720010002 | РАДОВИШ | РАДОВИШ |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ (ОДД.ЗА УПРАВНА ПОСТАПКА) | 000000000253 | РЕСЕН | РЕСЕН |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ ПОД. ЕДИНИЦА ГЕВГЕЛИЈА | 2807160010004 | ГЕВГЕЛИЈА | ГЕВГЕЛИЈА |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ ПОДРАЧНА ЕД.КУМАНОВО | 1626980010011 | КУМАНОВО | КУМАНОВО |
| БУЏЕТСКИ ТРЕЗОР НА Р.М. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 000000000071 | ТЕТОВО | ТЕТОВО |
| БУЏЕТСКИ ТРЕЗОР НА Р.М. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 117704001700138 | ТЕТОВО | ТЕТОВО |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ ПЕ Д.ХИСАР | 000000045906 | ДЕМИР ХИСАР | ДЕМИР ХИСАР |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ ИМОТНО ПРАВНИ РАБОТИ | 000000091348 | СТРУМИЦА | СТРУМИЦА |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ ИМОТНО ПРАВНИ РАБОТИ | 000000093078 | СТРУМИЦА | СТРУМИЦА |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ ПЕ ВИНИЦА | 000000000172 | ВИНИЦА | ВИНИЦА |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ИМОТНО ПРАВНИ ОДНОСИ | 1313160020006 | БИТОЛА | БИТОЛА |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ ПРИЛЕП | 1467960010001 | ПРИЛЕП | ПРИЛЕП |
| МИНИС.ЗА ФИНАНСИИ- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ | 000000000249 | ГОСТИВАР | ГОСТИВАР |
| МИНИС.ЗА ФИНАНСИИ- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ | 000000000244 | ГОСТИВАР | ГОСТИВАР |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ ТРЕЗОРСКА КАНЦЕЛАРИЈА | 2003660010002 | ДЕБАР | ДЕБАР |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ (ОДД.ЗА УПРАВНА ПОСТАПКА) | 2402240050003 | РЕСЕН | РЕСЕН |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ (ОДД.ЗА УПРАВНА ПОСТАПКА) | 2402240010004 | РЕСЕН | РЕСЕН |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ (ОДД.ЗА УПРАВНА ПОСТАПКА) | 2402240030003 | РЕСЕН | РЕСЕН |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ (ОДД.ЗА УПРАВНА ПОСТАПКА) | 2402240070002 | РЕСЕН | РЕСЕН |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ (ОДД.ЗА УПРАВНА ПОСТАПКА) | 2402240090002 | РЕСЕН | РЕСЕН |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ИМОТНО ПРАВНИ РАБОТИ | 000000000111 | ШТИП | ШТИП |

| | | | |
|---|---|---|---|
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ИМОТНО ПРАВНИ РАБОТИ | 000000000118 | ШТИП | ШТИП |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ИМОТНО ПРАВНИ РАБОТИ | 000000000108 | ШТИП | ШТИП |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ИМОТНО ПРАВНИ РАБОТИ | 000000000114 | ШТИП | ШТИП |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ КРУШЕВО | 000000045826 | КРУШЕВО | КРУШЕВО (КРУШЕВО) |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ ИМОТНО ПРАВНИ | 000000051982 | ТЕТОВО | ТЕТОВО |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СЕКРЕТЕРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ | 3202620010003 | ДЕЛЧЕВО | ДЕЛЧЕВО |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СЕКРЕТЕРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ | 3202620030001 | ДЕЛЧЕВО | ДЕЛЧЕВО |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-СКОПЈ ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА МАК.БРОД | 000000000208 | МАКЕДОНСКИ БРОД | МАКЕДОНСКИ БРОД |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-СКОПЈ ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА МАК.БРОД | 000000000211 | МАКЕДОНСКИ БРОД | МАКЕДОНСКИ БРОД |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-СКОПЈ ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА МАК.БРОД | 000000000200 | МАКЕДОНСКИ БРОД | МАКЕДОНСКИ БРОД |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 000000000421 | ВЕЛЕС | ВЕЛЕС |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 000000201982 | ВЕЛЕС | ВЕЛЕС |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ (ОДД.ЗА УПРАВНА ПОСТАПКА) | 2405310010001 | РЕСЕН | РЕСЕН |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ ПОДРАЧНА ЕДИНИЦА | 3010530010002 | КОЧАНИ | КОЧАНИ |